**ЗАКЛУЧОЦИ**
**усвоени на 5-тиот состанок**
**на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП**
**одржан на 17.02.2014 година**

***Ел Масри против РМ***

1. Да се испрати предлог Акциониот план за извршувањето на пресудата Ел Масри до Комитетот на Министри при Совет на Европа, како што е предложен од страна на Директорот на Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП –Владиниот агент.

2. Владиниот агент да ја информира Меѓуреорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП за евентуалните забелешки по однос на доставениот акционен план од страна на Комитетот на министри, како и за исходот од престојниот сосотанок на Комитетот на министри посветен на извршувањето на пресудите на кој на двене ред се наоѓа и извршувањето на пресудата Ел Масри против РМ.

***Боварска против РМ***

1. Државното правобранителство да достави мислење по однос на можноста по заклучок на Меѓуреосрската комисја да се изврши исплата на побарувањето на апликантот од буџетските средства на Министерството за правда, имајќи ја предвид пресудата на ЕСЧП, донесените судски одлуки од страна на домашните органи по пресудата на ЕСЧП, како и одговорот на стечајниот судија на АД Газела во однос на можноста за намирување на побарувањето на апликантот од стечајната маса на АД Газела.

***Стоилковска против РМ***

1. Се препорачува АСЈО да организира и одржи обука за членот 6 од ЕКЧП од аспект на правото на правна сигурност и во тој контекст значењето на воедначена судска пракса за судиите од сите четири апелациони судови во државата.

2. Се препорачува четирите апелациони судови во државата да ги интензивираат состаноците за усогласување на невоедначена судска пракса на ниво на апелационен суд, но и на ниво на државата, со цел превенирање на идни слични случаи на повреди на ЕКЧП поради неконзистентноста на домашната судска пракса.

***Велинов против РМ***

1. Се препорачува Министерството за финансии да ја разгледа можноста за воведување на механизам за координација и размена на информации со судовите во РМ во однос ан евиденцијата за уплата на средства по основ на домашна судска пресуди во кои граѓаните се задложени да платат одреден износ во корист на Буџетот на РМ.

***Наумовски против РМ***

1. Извршувањето на пресудата на ЕСЧП донесена во врска со предметот Наумовски против РМ да стави на дневен ред на Меѓуресорската комисја по конечноста на пресудата на ЕСЧП.

В.Д. Директор на Бирото за
застапување на РМ пред ЕСЧП – Владин агент
м-р Костадин Богданов

Министер за правда,
Blerim Bexheti